РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број: 09-1427/3
27.02.2024 г.
Скопје

## ООУ„Кузман Шапкарев“ – Скопје

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| Датум на интегрална евалуација: | од 19 до 21.12.2023 г. |
| Број на извештај: | 32/скопски/2023 |
| Раководител на инспекциски тим: | Зоран Димитријевиќ |
| Вид на училиштето: | основно |
| Подрачни училишта: | / |
| Основач на училиштето: | општина Кисела Вода |
| Наставен јазик: | македонски |
| Број на ученици: | 652 |
| Полова структура на ученици: | 188 м 174 ж |
| Број на наставници: | 43 |
| Претседател на училишниот одбор: | Ирена Палческа |
| Директор на училиштето: | Жаклина Божиноска |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | од 08 до 10.10.2018 г. |
| Адреса на училиштето: | ул. Антон Димитров бр.135, н. Драчево, Кисела Вода-Скопје |
| Телефон: | 02 /2 793 - 002 |
| Факс: | / |
| e-mail: | kuzmansapkarev@gmail.com |
| оценка од интегрална евалуација | добар (3.21) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 , 41/14 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 19 до 21.12.2023 година, тим од 3 (три) државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Кузман Шапкарев“ – општина Кисела Вода, Скопје. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состанок со

директорот, стучните соработници, Училишниот одбор, Совет на родители, ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници, членови на стручен активи и членови на тим на изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со фокус групите, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на за сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **добар (3.21).**

Наставата во училиштето е организирана и планирана по наставен план и наставни програми за деветгодишно основно образование. За учениците од прво второ, четврто и петто одделение наставата се планира по Концепцијата за основно образование. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се планира по адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. Наставата по наставни предмети од концепцијата се реализираат согласно стандардите. Училиштето планира и реализира воннаставни активности по избор на учениците.

Училиштето го следи целокупниот воспитно - образовен процес, постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Училиштето ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни поредби (со и без наод и мислење – инклузирани во воспитно - образовниот процес) и превзема мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини. За постигнување на добри резултати училиштето има изготвено распоред за додатна и дополнителна настава. Реализирацијата на додатна и дополнителна настава од страна на наставниците не се реализира согласно распоред. Од податоците во однос на постигања и поведение на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека е континуирано многу добар. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е многу добар (4.45). Училиштето има изградено имиџ и во него се образуваат ученици од својот реон. Редовноста на учениците е добра.

Поддршка и следење на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е многу добар. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 4 (четири) стручни активи. Воспитно-образовната работа се реализира согласно Годишната програма на училиштето, наставници ја реализираат наставата согласно Годишните планирањата и распоред на часови. Изготвен е несоодветен распоред за часовите по физичко и здраствено образование (голем број на паралелки во фискултурната сала). При планирање и реализација на наставните содржини наставниците планираат и применуваат наставни форми, методи и техники на работа, вршат правилен избор на задачи, активности и нагледни средства со цел да ги постигнат целите. Употребата на ИКТ во наставата од страна на наставниците е многу добра. Интеракција помеѓу наставник-ученик и ученик-ученик е добра, учениците се вклучени во процесот на учење според нивните способности. Атмосферата на часовите е мотивирачка и начинот на кој се учи е интересен. Постигањата на учениците континуирано се оценуваат и се евидентираат. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето превзема активности за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Наставниците и стручната служба за учениците од разни категории се грижат и даваат поддршка. Стручната служба води евиденција и анализа за постигањата на учениците и советодавно делува при избор на понатамошно образование.

Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структири. Дисциплината е добар, а повединието на учениците во голем број е примерно. Постигањата на

учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално ниво. Училиштето организира активности за промовирање на мултикултурализмот, еднаквост и правичност, почитивајќи ги правата на децата. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи во училиштето, соработката со локалната средина и невладиниот сектор е многу добра.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети е добра. Училиштето има спортски терен. Опременоста со нагледни средства по наставните предмети е добара но не се користат согласно наставните програми. Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на соодветен наставен кадар. Училиштето превзема мерки за учество на обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Раководниот орган училишниот буџет добро го планира.

Орган на управување во училиштето е УО (училишниот одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана во Деловник за работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето – директор работи согласно изготвената Програма за работа. Директорот на училиштето има превземено активности кои значително ќе придонесат за подобрување на условите за работа во училиштето, повисоки постигања на учениците и добра климата за работа.

Од Министерството за образование и наука со Решение за согласност бр. XIIL 18-223 од 25.07.2023 година работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето (прочистен текст) бр.0201-700/1 од 9.10.2023 година.

Училиштето од 01.07.2022 година со арх. бр.0202/332/3 има изготвено Самоевалуација за период 2020-2022 година и од 1.07.2022 година со арх.бр.0202-332/4 има изготвено Програма за развој за период 2022-2026 год.

За учебната 2023-2024 година врз основ на Програмата за развој училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.0203-449/3 од 6.07.2023 година, истата усвоена од Училишниот одбор.

# Карактеристики на училиштето

ОУ „Кузман Шапкарев“-н. Драчево, Скопје се наоѓа во Скопската котлина, во близина на течението на Маркова Река. Низ Драчево тече реката Мала Рада. Се наоѓа на 248 метри надморска височина, во подножјето на планината Китка, планински масив Мокра Планина, југоисток од градот Скопје. Училиштето постои од 1971 година и се изведувала настава на македонски јазик. Настанато е со поделбата на ООУ ,,Братство и Единство“, сегашно ООУ ,,Рајко Жинзифов“. Зградата во која се изведува наставата е во добра состојба.

Училиштето е основано со акт бр.834 од 20.12.1973 година издаден од Собрание на град Скопје, дејноста е верифицирана со акт бр. 15-2017/1 од 11.11.1971 год. Училиштето има својство на правно лице и регистирано во централниот регистар со Решение бр.0805-50/150120190048597 од 23.09.2019 година со ЕДБ: 4030971113341, ЕДМ: 4062108000 и жиро сметка: 780010371978711.

Училишната зграда е од тврда градба изградено 1971 година со нето површина од 5237м², училишен двор со површина од 13 758 м² и спортски терен со површина од 2050 м².

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение од реон на н. Драчево. Во учебната 2023-2024 година училиштето го посетуваат 652 ученика од I до IX одделение распоредени во 25 паралелки, од кои 14 паралелки одделенска настава и 11 паралелки предметна настава. Според пол 343 ученика се машки и 309 женски.

Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, педагог, психолог, специјален еукатор и рехабилитатор, библиотекар и 43 наставника со соодветно образование. Според образовниот профил 41 наставника се со високо образование и 2 наставника се со вишо образование. На неопределено работно време се 35 наставника и 8 наставника се на одределено работно време од нив 3 наставника се наставник - приправник. Според полот 33 се жени и 10 се машки, според етничката припадност 43 наставника се македонци. Од други училишта во училиштето настава реализираат вкупно 2 наставника, од наставниците вработени во училиштето во друго училиште настава реализира 3 наставника. Настава во прво до петто одделение реализираат 20 одделенски наставника, а од шесто до деветто одделение настава реализираат 25 наставника.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик во две смени, прва смена од 7:30 до 12:55, втора смена од 12:30 до 17:10 часот.

Наставата се изведува во 24 училници, фискултурна сала и спортски терени. Училиштето има библиотека, санитарни јазли, просторија за помошно-технички персонал, просторија за директор, секретар, наставници, стручна служба. Училниците се опремени со потребниот училишен инвентар. Во училиштето има една целосно опремена сензорна соба. Училишниот двор е ограден. Училиште се загрева со сопствено парно на нафта.

Во училштето, во една училница се сместени дисперзирани паралелки од Државното училиште за деца со посебни потреби ПОУ“ Д-р.Златан Сремец”- Скопје.

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Реализацијата од страна на наставниците е согласно наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепцијата за основно образование. Содржините во најголем број наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства (брошура, веб страна) да ги информира учениците и родителите како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, не вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

За поддршка на учениците со посебни образовни потреби формиран е инклузивен тим кој има изготвено Програма за работа. Категоризирани ученици со посебни образовни потреби има вкупно 14 ученика со наод и мислење, поединечно формиран е тим кој во соработка со родител изработува индивидуалниот образовен план (ИОП). со што се обезбедува нивна целосна информираност. Со учениците со посебни образовни потреби од страна на одделенските наставници се работи според ИОП. Со учениците со посебни образовни потреби работи образовен асистент и стручен соработник – психолог и специјален едукатор и рехабилитатор. Училиштето има една сензорна соба. Сите наставници имаат посетувано обука за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето по наставен план, согласно концепцијата и водичот за слободни изборни предмети на учениците нуди слободни изборни предмети од четирите категории кој ученикот ги избира во текот на една учебна година, еден во прво и еден во второ полугодие, а за учениците од прво до трето одделение слободните изборни предмети се реализираат како слободни активности. Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост, доследно се почитуваат потребите и барањата на учениците. Избор се врши со спроведување на анкета. За изборот на изборен предмет и бројот на ученици по секој предмет училиштето го известува Министерството за образование и наука.

Училиштето не реализира проширена програма, родителите не се изјасниле за проширена програма.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето на наставнички совет, совет на родители и училиштен одбор не планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Постојат мал број примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество.

Училиштето има разработени насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во сите програми за работа што ги реализираат и наставниците ги почитуваат тие насоки.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките. Наставниците кои реализираат наставни планови и програми по концепцијата, имаат поминато обука.

Училиштето писмено до надлежен орган не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Организирање на заеднички воннаставни активности со партнер училиштето е добро.

За проширување на знаењата од повеќе области: развивање на здрави навики и спортување, развивање на логика и логичко размислување, потикнување на дружељубивост учениците согласно своите знаења, умеења и вештини се вклучени во секции. Во последните три учебни години учениците учествувале во 20 секции, 10 проекти и 33 активности во соработка со локалната заедница.

При вклучување на учениците во активностите постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетерогени, од страна на стручната служба и наставниците се дава поддршка во активностите да се вклучуваат и учениците со посебни образовни потреби и со потешкотии во учењето.

Вклучување на ученици во воннаставните активности според сопствен избор и со транспарентна процедура се врши од страна на наставниците. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на Програмите за работа за реализација на воннаставни активности. Во училиштето реализирани се вкупно 20 активности.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари што се организираат на општинско и регионално ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 33 награди од кои:

- 14 награда на општинско ниво (3 прво место, 5 второ место, 6 трето место);
- 18 награди на регионално ниво (2 прво место, 9 второ место и 7 трето место);
- 1 награди на државно ниво (1 трето место).

Училиштето учествува на конкурси и освојува награди.

Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, благодарници и пофалници.

Во училиштето во претходните три учебни години реализирани се 14 проекти, ова учебна година активно се реализираат сите 11 проекти:

- Меѓуетничка интеграција;
- Еколошката едукација во македонскиот образовен систем - поддржан од Здружение на граѓани ОХО, МОН и БРО
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Отворен ден за граѓанско образование
- Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Математика за сите
- Училишта на 21 век
- Вело училиште
- Редовно на часови
- Сексуално сеопфатно образование
- Проект за социо емоционални вештини
- Проект HER WORLD HER RULES заедно со Кошаркарската федерација на Македонија

Училиштето во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието е вкучено од учебната 2014-2015 година. Училиштето има реализирано активности со партнер училиште ООУ „Наум Фрашери“ општина Студеничани.

Училиштето од 17.11.2014 година има формирано УСК „Наум Охридски“ и истиот е активен.

Училиштето за афирмирање на воннаставните активности има ученичко катче.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1 Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот, социјален стаус и етничка припадност по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Изготвува споредбедни анализи за постигањата на учениците на тримесечие, полугодие и на крај на учебната година. Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е одличен (4.52). Средниот успех по предмети во предметна настава по задолжителната група предмети е многу добар 4.21, по изборната група предмети успехот е одличен 4.82. Успехот по периоди нема големо намалување, успехот е од многу добар 3.71 до одличен 4.52. Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол со просек 4.31 и учениците од машки пол со просек од 4.20.

Учениците се оцените и по поведение, во трите претходни учебни години од 2015 ученика, 2012 ученика оценети се со примерно поведение, 2 ученика со незадоволително и 1 ученик со добро поведение.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години за родителите и учениците спроведени се 44 советување од нив 24 за намален успех и несоодветно однесување и 20 за нередовно посетување настава.

Во училиштето во претходните три учебни години индетификувани се 13 ученика со потешкотии во учењето, и 26 ученика со посебни образовни потреби, ова учебна година училиштето индетификувани се 14 ученика со посебни образовни потреби. Стручните соработници и директорот во соработка со наставникот даваат поддршка на ученицитете кои имаат потешкотии во учењето и надарените ученици, со активности соодветни на нивните можности и потреби и континуирано го следат нивниот напредок.

Наставниците планираат дополнителни и соодветни активности според можности и потребита на учениците што имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. Реализирањето на дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области од страна на наставниците не се реализира согласно распоредот.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава и од еден во друг период, а за постигањата по завршување на основното образование комуницира со учениците и добива усмена информација, прави споредбените анализи за отстапувања во успехот од еден до друг образовен период и успехот е помал за 0,81%.

Училиштето има интерен акт за избор на ученик на генерација и секоја учебна година избира ученика на генерација и ги наградува со книги и пофалници.

## 2.2 Задржување / осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови и има изградена политика за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на

учениците во наставата. Просечниот број на изостаноци е 11.4 по ученик, од кои 9.2 изостанока по ученик се оправдани и 2.2 изостанок по ученик е неоправдан. Поголем број на изостаноци имаат учениците од женски пол и учениците од 8 и 9 одделение.

Училиштето и стручниот соработник психолог реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Училиштето го следи осипувањето на учениците збирно по пол, одделение/ паралелка, ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и родителите навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето. Во последните три учебни години има 45 осипани (испишани) ученици, има прилив (запишани) 33 ученици.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3 Повторување на учениците

Сите ученици го завршуваат одделението, односно годината. Во последните три години има 7 ученици кои ја повторувале учебната година. На продолжителна настава упатени 2 ученика.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

## 3. Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата.

Сите наставници изготвуваат планирање за редовна, додатната и дополнителната настава и вонннаставните активности во пропишан обем согласно образците. Наставниците имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час/сценарио, односно годишни и тематски процесни планирања. Планирањата ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција во планирањата

на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување јасно се утврдени во планирањата кај наставниците. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Наставниците планираат во рамки на 4 (четири) стручни активи, користат стручни искуства од обуки.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето, освен на часовите по физичко и здраствено образование каде што е изготвен несоодветен распоред, (во фискултурната сала се реализира настава со повеќе паралелки).

се реализира настава во фискултурната сала со Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава. Училиштето има изготвено и распоред за ѕвонење.

## 3.2 Наставен процес

Наставниците користат наставни форми, методи и техники за работа што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците.

Од информатичко – комјутерска технологија училиштето располага со 41 комјутери во функција со 41 монитори, поставени во секоја училница и кабинетот по информатика, 6 лап топ комјутери, 40 таблети, 8 – ЛЦД проектори, 21 - ТВ и 7 смарт табли. Наставниците во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ во наставата.

Задачите што се работат во училиште или дома се планирани во планирањата. Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) се приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Поголем број од наставниците не ги користат расположливите нагледни сретства сигласно наставните програми. Наставниците на учениците им овозможува да работат според сопствените можности.

Наставниците ги определуваат целите и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на поголемиот број ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо соодветно на возраста на учениците. Наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, разбирање и доверба.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес истата редовно се применува, секој наставник двапати во едно полугодие на час се посетува од страна на директорот или од стручните соработници. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето има преку нагледен час.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците го доживуваат училиштето како стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Трудовите на учениците од страна на наставниците се изложуваат на видни и соодветни места. Секој ученик не добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење по најголем наставни предмети.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно

општество. За време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење од страна на наставниците се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците се потикнуваат да иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето и во локалната средина.

Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Наставниците во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Училиштето има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Училиштето на ниво на стручни активи има усогласени критериуми, стандард и инструмент за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Наставниците изготвуваат и користат критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби, користат методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Наставниците учениците ги вклучува во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и водење портфолија.

Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето при планирањата и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите.

Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи (евидентен лист) и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, со цел да се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца. Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, сите родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки и е-пошта.

# 4. Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор во училишните згради е безбеден за изведување настава. Учениците се чуствуваат безбедни во и надвор од училиштето. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат се обезбедени и учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности. Во училиштето има 3 наставника обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и 10 пакета за прва помош. Училиштето има План за заштита и План за евакуација (шема за движење) за постапување во случај на елементарни непогоди. Училиштето најмалку еднаш годишно изведува симулација. Во училиштето нема хидрант има 9 ПП апарати сервисирани од страна на ОГНО СТОП КОМПАНИ ДОО, на ден 11.04.2023 година. Од страна на лиценцирана фирма- Огно стоп компанија извршен е визуелен преглед на громобранска инсталација и констатирано е дека громобранската инсталација на многу места е во прекин, поточно на фискултурната сала воопшто не постои. Мерните места се затворени со изведбата на фасадата на училиштето, направен пропуст од изведувачот. Во училиштето има инсталирано интернет мрежа- оптичка и телефонска врска.

Училиштето е осигурано на ден 02.12.2023 година од УНИКА осигурување, учениците се осигурани од страна на УНИКА осигурување, и вработените од страна на УНИКА осигурување. Училиштето има 1 (еден) ноќен чувар. Во моментот нема физчко обезбедување.

Училиштето има Кодекс на однесување бр.0102-254/1 од 7.09.2017 година и Куќен ред бр.01-551 од 10.12.2019 година во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните и доследно се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира активности за заштита на учениците од сите облици на насилство како што се психичко, емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено.

Училиштето има и спроведува политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанции. Во училишниот објект/и на видни места се поставени знаци и натписи за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и користење на наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Од страна на наставниците и стручните соработници се реализираат активност за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.

Во училиштето има организирана исхрана за 134 ученика од страна на фирмата Велфуд Дооел увоз-извоз Скопје. Училиштето со соработка со лицата ангажирани во продажните места за храна (сендвичара, пекарница, прдавници) се грижи за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Училиштето превзема активности за организирање на предавања и активности на тема „Здрава храна“.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во училиштето нема ученици со физичка попреченост.

Инклузивниот тим на училиштето/ученикот ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите, со Ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давање помош и грижа

за овие ученици. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост има пристапни рампи. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост.

Во училиштето во последните три учебни години има 39 ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците што заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонnаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (Центарот за социјална работа, Црвен крст, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница).

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето/училините згради е многу добра. Ходниците, скалите, училниците и тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Дворовите се чист и хортикултурно уредени. Во дворот, училница и во санитарните јазли има корпи за отпадоци. Училиштето редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Училиштето воспитно делува на учениците да ја одржуваат личната хигиена има програма за превенција од заразни болести (организира предавања за начини на живеење, одржување на личната и колективната хигиена, заштита од ХПВ, сида и полови болести).

За учениците училиштето организира примања на вакцини, систематски и стоматолошки преглед, а за вработени санитарен и лекарски прегледи. Лекарски преглед на вработените извршен во ЈЗУ„ПРЕВЕ МЕД“, а санитарниот преглед во Центар за јавно здравје.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците што поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат за сите ученици што имаат потреба од таков третман во соработка со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). Во училиштето има 4 ученици со хронично заболување.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. Врши самооценување на вештините и интересите на учениците, редовно спроведува тестирање за професионална ориентација на учениците и им помага во професионалното насочување, овозможува средните училишта да вршат презентација и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Има постојана соработка со средните училишта.

### 4.4 Следење на напредокот

Наставниците имаат податоци за постигнувањата, редовноста и поведението, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата се внесени податоци за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците. Постои ефективна соработка меѓу

раководниот кадар, стручната служба, одделенските и класните раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуална евиденција за учениците. Подготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручните соработници и до раководниот кадар на понатамошна обработка и се целосно достапни за сите други наставници, учениците се информираат на одделенскиот/ класен час, а родителите на родителски средби и Совет на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5. Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по добар квалитет на работење и постигања на учениците во текот и по завршување на образованието, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на учениците, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам, активно поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи меѓу наставници. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед.

Во Кодексот на однесување се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето од страна на наставниците, учениците и родителите. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура.

Во училиштето постои професионална соработка меѓу наставниците. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од наставниците и вработените во училиштето.

Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности е многу добра, вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтливо се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се 186 педагошки мерки (66 усмена опомена и 48 писмена опомена, 67 укор, 4 намалување на поведение, 1 преместување на ученик во друга паралелка). Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки (поголемиот број на мерки се поради ученици кои отсуствуваат од настава поради заминување во странство).

За организирано остварување на интересите на учениците, уениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Ученичкиот парламент активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивни непосреден интерес и редовно учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки. Учениците имаат избрано ученички правобранител. Ученичкиот правобранител активно се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниците успешно ја организираат средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат високи очекувања од самите себе за повисоки постигнувања на ниво на училиштето, како и афирмација на училиштето преку учество на напревари и културни настани. Наставниците го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на

училиштето но не и во пошироката локална средина. На училишно ниво се избира ученик на генерација и истите се наградуваат. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во вонинаставните активности.

Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и наставниците што постигнале успех на натпревар. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности на училишно ниво.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата, но не ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.

Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Учениците знаат како да ги препознаат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција и дискриминација.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање.

Од учебната 2014-2015 година училиштето го реализира МИО проектот. За реализација на активностите планирани во Годишната програма на училиштето со Одлука бр.03-336/3-1 од 19.07.2021 година формиран е тим. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници кои живеат во нашата земја без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето планира и реализира мал број на заеднички наставни и/или вонинаставни активности со партнер училиштето ООУ„Наим Фрашери“, општина Студеничани. Училиштето за реализрани активности има добиено, 2 (два) мали гранда – 1 (еден) од 30 000,00 денари наменски лап топ, реквизити и потребни материјали за активностите и 1 (еден) голем гранд од УСАИД, реконструкција на дел од електричната инсталација во училиштето.

Наставниците имаат планирано интегрирани содржини од МИО и истите ги реализираат согласно планираната динамика.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето планира активности и организира средби за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите активно се вклучуваат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија, како и во вонинаставните активности. Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и прием во определен приемен ден. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на

претставници на родителите во училишен одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана форма (брошура). Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Во соработува со локалната заедница училиштето спроведува заеднички проекти, активности и организира настани од интерес на заедницата. Училиштето во соработка со родителите превзема активности за волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата. Локалната заедница (основачот) и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во училиштето.

Училиштето остварува соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор преку спроведување на заеднички проекти поттикнати од двете страни. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Училиштето има соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

ООУ ,,Кузман Шапкарев“ е во н. Драчево, е од тврда катна градба, изградено 1971 година со нето површина од 5 237 м², училишен двор со површина од 13 758 м² и спортски терен со површина од 2 050 м²,

Наставата се изведува во 24 училници, фискултурна сала и спортски терен. Училиштето има библиотека, санитарни јазли, просторија за помошно-технички персонал, магацин, просторија за директор, секретар, наставници и стручна служба. Училниците се опремени со потребниот училишен инвентар. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности. Училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите се користат во наставата и во учењето. Учењето, организирањето и реализирање на наставен час е со користење на ИКТ опрема согласно планирањата. Училиштето располага со нагледни средства и помагала за учениците со посебни образовни потреби и има опремено 1 (една) сензорна училница.

Училишната библиотека располага со 8 487 наслови, 7 870 лектири, 617 стручна литература.

Библиотекарот води пишана и електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотекарот уредно го води проектот Бесплатни учебници, води библиотекарска секција и во соработка со наставниците избира најдобар читател.

Библиотекарот води и библиотекарска секција, избира најдобар читател и учествува на натревари, акции и посети на саем за книги .

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите. Наставниците се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби, за реализација на активности за меѓуетничка интеграција, антикорупција, екологија. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за ново вработените наставници.

Настава во училиштето ја изведуваат 43 наставника со соодветно образование. Според образовниот профил 41 наставника се со високо образование и 2 наставника се со вишо образование. На неопределено работно време се 35 наставника и 8 наставника се на одределено работно време од нив 3 наставника се наставник - приправник. Според полот 33 се жени и 10 се машки, според етничката припадност 34 наставника се македонци. Од други училишта во училиштето настава реализираат вкупно 2 наставника, од наставниците вработени во училиштето во друго училиште настава реализира 3 наставника. Настава во прво до петто одделение реализираат

20 одделенски наставника, а од шесто до деветто одделение настава реализираат 23+2 од друго училиште, вкупно 25 наставника.

Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вonнаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручнат служба и административно-техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Со наставник приправник работи ментор согласно изготвена програма за работа.

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи 4 стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот. Во училишната библиотека ангажирано е лице со полно работно време вработено во училиштето. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето превзема активности со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Училиштето има стручна служба (психолог, педагог, дефектолог и библиотекар) која соработува со наставниците, го следи напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби стручните соработници имаат план за следење и работа со учениците.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

За поддршка и следење на развојните потреби на наставниот кадар и стручните соработници формиран е тим со Одлука бр.0202-434/4 од 29.06.2023 година. Наставници,стручните соработници и директорот имаат изработен личен план за професионален развој. Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците изготвува програма за професионален развој. Во последните три учебни години наставниците учествувале на 86 обуки. Училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, но нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат професионални досиеја.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

# 7 Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа и е планирана во Годишна програма за работа. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес, има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, нивниот придонес во тимската работа, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, ги имплементира промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа, воспоставува

продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.

### 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, а вклученоста на родителите и учениците делумно задоволува. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во подобрување на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите. Училиштето ги информира наставниците за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8 Наоди и препораки

### 8.1 Силни страни

- Добри постигања на учениците на организирани натпревари;
- Реализирање на проекти од образовен карактер;
- Голема хигиена во училишната зграда и училишниот двор;
- Воспоставен добар однос, грижа и пристап на наставниците кон учениците;
- Училиштето има добра соработка со локалната средина
- Добра поддршка на учениците со посебни образовни потреби;
- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето;

### 8.2 Слаби страни

- Поголем број од наставниците не ги користат расположливите нагледни сретства сигласно наставните програми;
- Најголем број од наставници не реализираат додатна и дополнителна настава согласно распоред;
- Несоодветен распоред за реализација на наставата по физичко и здравствено образование.

## 8.3 Препораки

- Да се користат расположливите нагледни сретства согласно наставните програми;
- Да се реализира додатна и дополнителна настава согласно распоред;
- Да се изготви соодветен распоред за реализација на наставата по физичко и здраствено образование ( во сала да нема повеќе од две одделенија).

| | |
|---|---|
| Зоран Димитриевиќ, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Тони Илиев, член на инспекцискиот тим | |
| Мирјана Насковска, член на инспекцискиот тим | |